Почитувани,

Сакаме да Ве известиме дека на платформата за електронско учење достапни се генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки за 2020 година каде се додадени инспекторите од Вашата инспекциска служба.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор е воспоставен целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Ваквиот систем ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Поради вонредната состојба предизвикана од вирусот COVID-19, Владата на РСМ донесе Уредба со законска сила за применување на Законот за инспекциски надзор, со која спроведувањето на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2020 година, беше одложено до 31.8.2020 година.

Како последица на одложувањето, а со цел заштита на животот и здравјето на луѓето и јавниот интерес, предизвикани од здравствените и епидемиолошки услови кои ги наметнува состојбата со вирусот COVID-19, класичниот начин на организирање на обуки во училница, нема да се користи до крајот на тековната, како и во текот на 2021 година.

Во тој контекст, **Годишната програма за генеричките обуки за 2020 година ќе се реализира со користење на новата електронска платформа за учење, која ќе овозможи самостојно учење од материјалите на генеричките обуки.**

Во пресрет на Годишното оценување, а со цел реализирање на Годишниот план за стручно оспосбување и усовршување на секој инспектор за 2020 година, инспекторите од Вашата инспекциска служба потребно е да поминат најмалу три генерички обуки.

По завршување на обуката системот електронски ќе изгенерира сертификат за успешно завршена генеричка обука.

Пристап до електронската платформа се обезбедува реку следниот линк:

http://lms.is.gov.mk

Корисничко име за секој инспектор е неговата email адреса.

Инспекторите, кои во изминатитиот период ја користеле платформата за електронско учење, кон обуките ќе пристапат со корисничкото име и со лозинката која ја имаат креирано и користено за тогашните потреби.

Во случај на потреба од техничка подршка при потешкотии во однос на логирањето на платформата, Ве молиме да се обратите електронски на следната email адреса lj.lilic@is.gov.mk